# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

**Мисионски проповеди 1/2024**

**Вовед**

Адвентистичката црква својот идентитет го темели на тројната ангелска вест во Откровение 14,6-12. „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ,и зборуваше со силен глас: ‚Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори. И друг, втор, ангел дојде по него, велејќи: Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство.‘ И друг, трет, ангел дојде по него, велејќи со силен глас: ‚Ако некој му се поклони на Ѕверот, и на неговиот лик, и прими ознака на своето чело или на својата рака, и самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев, што е налеано чисто во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур, пред светите ангели и пред Јагнето. И димот од нивното измачување ќе се издига во вечни векови, и не ќе имаат починка, ни дење ни ноќе, оние кои му се поклонуваат на Ѕверот и на неговиот лик, и кој ја прима ознаката на неговото име. Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса.‘“

Ангелите се прикажани како летаат среде небото со вечното евангелие. Оваа слика укажува на централноста на мисијата за која Божјиот народ во последно време е задолжен. Да се досегнат луѓето со радосната вест, тоа навистина треба да биде фокус на интересирање на сите наши цркви. Да се потрудиме во 2024 година редовно да зборуваме за оваа тема на богослужбите. Треба да ја продолжиме добрата традиција за мисионската сабота која се одржува во првата сабота секој месец. Ако тоа во некои цркви не е повеќе пракса, треба да вложиме напори да ја воскреснеме. Мисионските проповеди за 2024 година се преземени од списанието Пастир, кој го издава Северната област ЈИЕУ.

*Ласло Галус*

*Секретар на одделението за Адвентистичка мисија, ЈИЕУ*

*Сабо͞та, 4 јануари 2024*

## <u>Рута: Љубовна приказна за верноста</u>

Сакам да гледам стари албуми. Кај повеќето од нас, старите семејни албуми се некаде скриени во кутии. Кога и да земеме еден од старите албуми на мојата мајка, древните црно-бели слики почнуваат да паѓаат и се потсетувам на спомените од моето детство. Фотографиите ни помагаат да ја одржиме приказната за животот.

Ги земаме и библиските „албуми“, за приказната за Божјото откупување да оживее во нашиот живот. Прелистувајќи ги страниците кои го прикажуваат животот на некои не толку познати личности од Библијата, се потсетуваме на нивните приказни и се одушевуваме на нивната вера. Денес ќе слушаме за верната љубов во Книга за Рута.

Многу луѓе рекле дека Книгата за Рута е најубавата кратка приказна што некогаш е напишана. Таа претставува извештај за загриженоста, стравот, љубовта и посветеноста кој ја поттикнува фантазијата и ја теши душата. Почнува со очај, а завршува со радост.

Кога Бенџамин Френклин бил амбасадор во Франција, повремено го посетувал Клубот на неверниците – група која поголемиот дел од времето го поминувала барајќи и читајќи литературни ремек дела. Во една прилика Френклин во клубот ја прочитал Книга за Рута, но ги променил имињата за да не препознаат дека се работи за библиска книга. Кога завршил, слушателите биле единствени во пофалбите. Рекле дека тоа е една од најубавите кратки приказни кои некогаш ги слушнале и барале да им каже од каде го нашол тоа прекрасно уметничко дело.

Уживал зборувајќи им дека потекнува од Библијата!

Бидејќи оваа љубовна приказна се наоѓа во Библијата, таа е многу повеќе од романса. Во Римјаните 15,4 се вели: „Навистина, сè што е напишано некогаш, напишано ни е нам за поука, за да имаме надеж преку трпението и преку утехата од Писмата“. Павле овде зборува за Стариот завет, вклучувајќи ја Книга за Рута. Тоа

значи дека нешто ќе научиме, дека ќе бидеме поспособни да ги поднесеме тешкотиите и дека ќе се охрабриме додека заедно учиме. Во тој процес ќе растеме во надежта.

Иако Книга за Рута е извонредна приказна за љубовта и верноста, ние сме илјадници километри далеку и илјадници години од нејзиното опкружување. Додека истражував, на интернет пронајдов страна за Унијата на американските еврејски цркви во градот Њујорк. Сакав да откријам нешто повеќе за тоа како во еврејските кругови размислуваат за Книга за Рута, бидејќи таа се наоѓа во нивните старозаветни свети списи.

Ги повикав и ме поврзаа со рабинот Памела Вакс, заменик-директор на еврејското образование за возрасни. Ми рече дека Книга за Рута е многу значајна за еврејскиот народ. Всушност, тие имаат празник „Шавот" во кој цела книга се пее или се чита на глас. Ме праша дали сакам да ми ја отпее и јас се согласив. Ми ја отпеа Рута 1,1 преку телефон. Сакав да можам тоа да го снимам бидејќи беше прекрасно. Исто така, ми рече дека за време на празникот многу луѓе остануваат будни во текот на ноќта за да ја проучуваа книгата за Рута. Воедно ми рече и дека обичај е да се јадат млечни производи во текот на празникот, бидејќи Тората е поврзана со вкусот на медот и млекото. Не плашете се, нема да останеме овде цел ден и цела ноќ проучувајќи ја Книга за Рута, сосема сигурно е дека нема да ви пеам, или да ви служам млечни производи.

Постои и старозаветен и новозаветен преседан за читање на Библијата гласно пред група верници. Во Исус Навин 8,34.35 се кажува дека Исус Навин ги прочитал сите зборови на законот на Израелскиот народ. *„Тогаш Исус го прочита секој збор на Законот, благословот и проклетството, сè како што е напишано во книгата на Законот. Исус не испушти ниту една Мојсеева наредба, туку сите ги прочита пред соборот на сите Израелци, пред жените, децата и придојдениците кои одеа со нив."* Во книгата Немија 8,3 се вели дека *„на плоштадот што е пред Водната Врата, почна да го чита свитокот, од раното утро до пладне, пред мажите и жените и пред оние, кои беа зрели. Сиот народ го слушаше покорно свитокот на Законот. Во Исус Навин 8,8 дознаваме дека групата*

*Левити не само читале од Законот, туку тоа го правеле на тој начин што „читаа од свитокот на Божјиот Закон по одломки и ја разјаснуваа смислата за да може народот да разбере што се чита“.*

Повеќето новозаветни страници би требало во потполност да се прочитаат пред младите цркви. Павле ги повикал Солуњаните: *„Ве заколнувам во Господа, ова писмо да им го прочитате на сите браќа“* (1.Солуњаните 5,27). А во 1. Тимотиева 4,13 Павле му вели на Тимотеј: *„Додека дојдам внимавај на читањето, на опоменувањето и на поучувањето“.* Сакам да го следиме тој модел, но јас малку ќе го изменам. Ќе почнам со проучување на некои важни податоци. Потоа ќе слушаме читање на Божјата Реч и конечно ќе заклучиме, со малку проповедање, додека бараме начини овие поуки на љубов да ги примениме во секојдневниот живот.

**Основни информации**

Ако имате кај себе Библија, ве молам да ја отворите Книга за Рута. Оваа кратка книга има само четири поглавја и се наоѓа меѓу Судии и 1. Самуилова. Многу клучни информации се наоѓаат во Рута 1,1-5. *„Во она време кога владееја судиите настана глад во земјата, па од Јудиниот Витлеем еден човек отиде, со својата жена и со своите два сина, да се насели во Моавските Полиња. Тој човек се викаше Елимелех, жена му Ноемина, а двата негови сина: Малон и Хелеон; сите беа Ефратци од Јудиниот Витлеем. Стигнаа во Моавските Полиња и тука се населија. Тогаш Елимелех, Ноеминиот маж, умре, и таа остана сама со своите два сина. Тие се оженија со Моавки; едната се викаше Орфа, а другата Рута. И таму живееја десет години. Тогаш умреа Малон и Хелеон, и така Ноемина остана и без своите два сина и без својот маж.*

**1. Време**. Настаните се одвиваат во времето кога судиите владееле со Израел. Како што истакнавме, тоа било период кога Божјиот народ ќе се движи од непослушност и пораз до спасување. Бидејќи сите го правеле она што изгледало правилно во нивните очи, владеел гревот и срцето на Божјиот народ станувало закоравено. Неколку коментатори предлагаат дека приказната за Рута за случила во време кога Гедеон служел како еден од судиите.

**2. Опкружување**. Во 1. стих читаме дека владеел голем глад во Витлеем, па еден човек ја зел својата жена и двата сина и ги одвел да живеат во земјата Моав. Гладот бил последица на намерната непослушност на Божјиот народ, според 5. Мојсеева11,16.17: *„Внимавајте да не биде заведено вашето срце, да не тргнете по грешен пат, да не им искажувате почитување на други богови и да не им се клањате. Зашто тогаш Господ ќе пламне со гнев против вас: ќе ја затвори небесата; ќе нема дожд; земјата не ќе дава род, и вас ќе ве снема брзо од таа добра земја што Господ ви ја дава“*.

**3. Патување во Моав**. Земјата Моав била богата со плодни почви и соодветни дождови, затоа овој човек отпатувал на место каде што неговите посеви нема да пропаднат. Ова семејство патувало северно од Ерусалим, а потоа ја поминале реката Јордан кај Ерихон. Во зависност од тоа каде се населиле, патувањето било долго околу 150 километри и веројатно траело една недела.

**4. Односите со Моав**. Важно е да знаеме дека Моав бил вечен непријател на Израел. Во 4. Мојсеева 23,3-6 читаме дека Моавците го одвеле Израил во сексуален неморал и паганска богослужба. 5. Мојсеева 23,3-6 содржи силни зборови: *„Во Господовото собрание нека не влегува ни Амонец ни Моавец; никој од нивните, па ни во десеттото поколение, не смее никогаш да влегува во Господовото собрание. А сѐ заради тоа што не излегоа пред вас со леб и вода кога бевте на пат, откако излеговте од Египет; и затоа што за пари го најмија Веоровиот син, Валаам од Фегор во Арам Нахараим, за да те проколне. Ама Господ, твојот Бог, не сакаше да го послуша Валаама, туку Господ, твојот Бог, го претвори проклетството во благослов, зашто Господ, твојот Бог те љуби. Никогаш не ги подобрувај нивната благосостојба и нивниот имот во сите свои дни довека“*.

Овој човек се обидувал да побегне од Божјиот суд над Израел и двојно е непослушен бидејќи оди да живее меѓу Моавците.

**5. Личност во приказната**. Името на Израелецот било Елимелех, а на неговата жена Ноемина. Нивните два сина се викале Малох и Хелеон. Нивните синови се ожениле до девојки Моавки, едната се викала Орфа, а другата Рута. Кога доаѓаме до второто

поглавје, се запознаваме со човекот по име Воз, кој бил роднина на Елимелех.

**6. Ситуација**. За време на нивниот престој во Моав, Елимелех, мажот на Ноемина, умрел, а по десетина години умреле и Малох и Хелеон. Ноемина, Орфа и Рута сега биле вдовици. Вдовиците во древниот свет немале никаков општествен статус, ниту економски средства за преживување. Не постоел систем на социјална помош, а тие немале никаков машки заштитник, ниту, пак, старател. Во таква ситуација, тогашните вдовици се поистоветувале со бескуќниците во нашето денешно општество.

**7. Собирање.** Бог секогаш се грижел за сиромашните и очајните. 3. Мојсеева 19,9.10: *„Кога ќе жниете жетва во вашата земја, не дожневајте ги до крај вашите ниви; ниту собирајте ги класовите по вашата жетва. Не бери го повторно твоето лозје; не собирај ги паднатите зрна во твоето лозје; туку остави ги за бедните и за странецот! Јас Сум Господ, ваш Бог“*. Ова помага да се објасни што правела Рута во 2. глава, а исто така открива и по малку за карактерот на Воз како човек кој го следел законот и се грижел за сиромашните.

**8. Роднината одмаздник**. Бидејќи Бог на секое семејство во секое племе им дал дел од земја, оваа земја била многу важна (и сè уште е) за Израел. За оваа земја да остане во семејството, установен е законот на роднина одмаздник. Според законот, ако еден човек умре и ја остави вдовицата без синови, неговиот најблизок роднина добивал можност да ја купи оваа земја и да се ожени со вдовицата за да може да има синови кои ќе го носат името на покојникот. Овој роднина бил обврзан на свој трошок да ја откупи земјата и да ја врати на роднината кој ја продал. Ако најблискиот роднина го одбие тоа, тогаш следниот роднина ја презема улогата на одмаздник. Сепак тука постоел еден услов. Роднината одмаздник не можел сам да донесе одлука да ја откупи. Вдовицата морала да побара од него да ја откупи земјата на нејзиниот покоен маж. Тоа го објаснува она што се случува во 3. глава.

**9. Прегратката на покривачот**. Третата глава прави да го задржиме здивот и да размислиме. Рута става парфем и се облекува

во најубавата облека, а потоа оди на гумното да го најде Воз. Кога Воз заспал, Рута ја открива покривката од неговите нозе и легнува покрај него. Кога Воз среде ноќ се свртел, открил дека покрај неговите нозе лежи некоја жена и сака да дознае која е таа. Таа се идентификува, а потоа во 9. стих вели, „'Која си?' - праша тој, а таа одговори: 'Јас сум Рута, твоја робинка, рашири го крилото од својата наметка над својата робинка, зашто си ми близок роднина'". Тој ист збор „крилото" се користи и во 2,12, кога Воз ѝ вели на Ноемина, „*Господ нека ти плати за сѐ што си направила, и нека ти додели полна награда Господ, Израелевиот Бог, кога си дошла за да се засолнеш под Неговите крилја!*" Рута бара од Воз да ја скрие под неговата прегратка и да ја откупи. Всушност, таа му нуди брачен предлог!

**10. Градска капија**. Во 4. глава Воз оди до градската капија и седнува да ја заврши работата. Градската капија била слична на судница во која се одвивале трансакциите и место каде што се изнесувале случаите. Тоа исто така било место каде најлесно можело да се сретне некој.

**11. Обувки**. Сандалите биле вообичаени обувки во тоа време, но исто така биле и симбол на заедницата меѓу вдовицата и нејзиниот законски старател. Давањето сандали во тоа време било како потпишување договор, особено ако се работело за земја. Тој обичај настанал затоа што, кога некој одел по нивата со сандали, тогаш ја мерел. Имајќи ги на ум тие податоци, ајде да ја слушнеме нивната љубовна приказна за верноста. Додека слушате, во светлината на 2. Тимотеева 3,16, дозволете Светиот Дух да ја употреби живата Реч да биде корисна „*Целото Писмо е од Бога вдахновено и е полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата*".

### Поуки за љубовта

Сакам да завршам извлекувајќи три поуки, или примени, од оваа приказна за верната љубов.

1. **Покорување на Божјиот суверенитет**. Една од преовладувачките теми во Книга за Рута е старателскиот Божји суверени-

тет. Тој се гледа секаде, преплетувајќи ги своите цели низ настаните и околностите. Тој го користи гладот за да може еден еврејски човек и неговото семејство да ги донесе во Моав каде што неговите синови ќе се оженат со Моавки. Преку неочекуваното вдовство, жените завршуваат во Ветената земја зашто слушнале дека таму гладот завршил. Ноемина ја учи Рута за Бога и Рута донесува одлука која ќе го смени нејзиниот живот.

Потоа во Рута 2,3 читаме дека се „случило" Рута да се најде на нивата која му припаѓала на Воз. Не е тоа никаква случајност! Бог ги водел настаните за да ја оствари својата цел. Божјата невидлива рака ја довела Рута на одреденото поле тој ден. Рута доживеала страшни работи, но секоја мака, прашање, несигурност и скршено срце станале Божји начин да се направи нешто подобро, што можеби поинаку не би се случило. Кога ќе дојдеме до крај на сопствените сили, ја откриваме Божјата благодат.

Дури и кога сме потполно несвесни за она што се случува, или затоа што нешто се случува, Бог ги води нашите одлуки и дела. Тој сѐ прави за наше добро и за Негова слава. Нашата одговорност е да се препуштиме на Неговиот суверенитет.

Дали сте се покориле на Неговиот суверенитет? Дали верувате во Неговата намера за вашиот живот, дури и кога работите изгледаат мрачно? Дали сте ја откриле славата на „Божјите настани" во вашиот живот? Бог има начини сето тоа да го изведе на добро.

Единствениот преживеан во еден бродолом бил исфрлен на мал, ненаселен остров. Викал кон Бога да го спаси и секој ден со поглед го пребарувал хоризонтот очекувајќи помош, но станувал сѐ поразочаран. Конечно успеал да изгради мала колиба и неколкуте свои работи да ги смести во неа. Но, еден ден, додека бил на лов, се вратил во колибата и открил дека таа изгорела, а чадот се кревал кон небото. Бил потполно уништен и разочаран. Во раните утрински часови следното утро, кон островот дошол еден брод и го спасил. Не можел да поверува во тоа што се случило. Кога се качил на палубата, му се обратил на екипажот на бродот со зборовите „Како знаевте дека сум тука?" Тие му одговориле, „Ги видовме твоите димни сигнали".

**2. Негување на карактерот**. За момент размислете за Ноемина. Таа отишла во Моав со својот маж и синовите, оставајќи ја зад себе својата земја и пријателите. Ние од Книгата за Рута не знаеме дали таа сакала да оди или не, но знаеме дека таа го негувала својот карактер додека се наоѓала таму. Продолжила да чекори со Бога, дури и тогаш кога нејзините синови се жениле со Моавки. Таа го обожавала вистинскиот Бог и тогаш кога целата култура околу неа се поклонувала на Вал. Таа ја искористила ситуацијата и ја поучувала Рута за вистинскиот Бог. Имала храброст да се врати во родната земја и потоа отворено ѝ кажала на Рута да го побара Воз за маж. Го почнала својот план за стројништво, но исто така знаела да биде трпелива и да чека на Господа, како што рекла во 3,18: *„Таа и рече: 'Биди спокојна, ќерко моја, додека не видиш што ќе биде: зашто тој нема да има спокојство додека не докрајчи сè уште денес'"*. Се покорила на Божјиот суверенитет.

Рута открила жена која била екстремно верна. Таа останала со својата свекрва, иако тоа не било нејзина обврска. Почнала да верува во Бога преку примерот на Ноемина, а потоа ѝ помогнала на Ноемина да верува во Бога кога ѝ било најтешко. Била многу претприемчива, тешко работела за да собере жито. Била полна со почит, но сепак храбра, подготвена на ризик.

Воз бил човек од интегритет и сите го почитувале. Бил познат по својата добрина и знаел како да се однесува кон своите вработени. Го следел законот и се грижел за сиромашните. Бил човек на чистотата, иако имал можност да постапи поинаку. Го повикал роднината да го направи она што е право, иако сето време ја сакал Рута.

На крај, секој од нив бил награден за негувањето на својот карактер. Ноемина сега била загрижена, но на крајот од приказната ја гледаме како го држи својот внук. Рута се мажи и добива син кој ќе се појави во „фотоалбумот" на царот Давид, како и во семејното стебло на Месија. Воз се жени и има радост што својата вера ја пренесува на идните генерации.

Дали го негувате својот карактер? Немојте да го продавате, немојте да попуштите и немојте да го напуштите Бога.

**3. Примете го Откупителот**. Токму онака како што Рута ја видела реалноста во религијата на Ноемина и ја посакала за себе, не-

кои од вас се подготвени да го примат Откупителот во вашиот живот. Рута и Орфа ни помагаат да ја видиме таа можност. Двете имале можност да му свртат грб на она што го обожавале и да го следат вистинскиот Бог. Орфа почнала да ја следи Ноемина, но потоа ја напуштила. Многу луѓе и денес го прават тоа. Тие почнуваат, но никогаш не се посветуваат на Христа.

Неколку пати можеби ќе ги видите во црква, но потоа исчезнуваат. Бог не сака млака посветеност. Тој бара луѓе кои денес ќе речат, „Твојот Бог е мој Бог“. Дали сте подготвени тоа да го направите?

Потребен ни е Откупител. Библијата ни вели дека ни е потребен некој кој ќе нè спаси од ропството на гревот. Можеби мислите дека никако не може да ви биде простено она што сте го направиле. Тоа не е вистина. Бог може да му прости на секој човек. Тој им простил на Моавките и Тој и вам ви пружа нов почеток. Онака како што Рута требало да бара откупување, и вие треба да барате од Исус да ве откупи. Дали сте подготвени да седнете пред Неговите нозе и да барате да ве спаси?

Во Стариот завет откупителот морал да биде крвен роднина, морал да биде во состојба да откупи и морал да биде согласен. Исус зел тело и крв за да биде поврзан со нас. Тој бил во состојба да нè откупи бидејќи ја платил цената за нашето откупување и повеќе отколку што бил согласен. Дали сте и вие?

Книгата за Рута завршува со генеалогија. Дали знаете дека постојат 41 одвоена генеалогија од 1. Мојсеева до Откровение? Дали некогаш сте се запрашале зошто? Овие семејни стебла навистина се „албуми на верата“ на Божјите ветувања на Неговиот народ. Кога Бог му дал ветување на Аврам во 1. Мојсеева 12, дека сите семејства ќе бидат благословени преку него, гледаме дека Бог повикувал поединци како што се Рава и Рута за да го донесат Давид на свет. Потоа, кога доаѓаме до Матеј 1, гледаме дека лозата на Воз и Рута од Витлеем се завршува со Давидовиот голем Син, роден од девица во витлеемската штала.

Токму онака како Бог ја зел Рута од грубиот свет и ја посвоил во семејното стебло на верата, можеби вие сте првото семејство во вашата лоза кој го следи Исуса. Вашиот духовен албум е потполно нов. Или, можеби ја продолжувате семејната традиција на

верност. Каков и да е вашиот слух, го носите наследството кое не смее да се расфрли.

Дали сте подготвени да го примите Откупителот? Направете го тоа сега.

*Сабота, 3 февруари 2024*

**<u>Бог ги користи обичните луѓе</u>**

Деветгодишниот Џерико Скот е добар играч на безбол – премногу добар, бидејќи Џерико е фрлач кој умее да ја фрли топката со брзина од 60 километри на час. Тој фрла толку добро што Младинската бејзбол лига од Њу Хејвен во Конектикат му рекла на неговиот тренер дека тој повеќе не може да фрла. Кога Џерико сепак го зазел своето место на натпреварот, противничкиот тим го напуштил теренот, си ја спакувал опремата и си заминал. Тренерот, Вилфред Видо, рекол: „Како можете да казните дете само затоа што е премногу добро?" Младиот Џерико бил вознемирен поради сите овие настани и му недостига фрлањето. „Се чувствувам тажно", рекол. „Се чувствувам како јас да сум крив што никој не можеше да игра".

Во лигата на обични играчи Џерико се истакнува како некој со извонредни способности. Денес ќе се насочиме на еден извонреден библиски „играч" по име Стефан, кој не само што е исфрлен од игра туку неговото проповедање довело до негово маченииштво. Бог сака да ги употреби обичните луѓе, како што сме вие или јас.

Ве молам да ги отворите вашите Библии во Дела 6 глава. Ќе направиме краток преглед на 6 и 7 глава, а потоа ќе се задржиме на последниот стих. Еве го опкружувањето. Црквата расте и луѓето се обраќаат кон Христа, но во тој процес некои вдовици се занемарени. И над сè постои одредена напнатост меѓу две групи од различно културолошко потекло. Затоа Дванаесеттемина се собрале заедно и утврдиле дека тие треба да проповедаат и да се мо-

лат и затоа треба да се изберат седуммина кои ќе се грижат за вдовиците. Меѓу седуммината бил и слугата по име Стефан.

Како резултат на оваа организација, 7. стих вели. „*А Божјото слово растеше и бројот на учениците во Ерусалим се зголемуваше многу. И големо множество свештеници и се потчинија на верата*“. Гледам три главни работи кои можеме да ги научиме од Стефан.

**1. Одлучете да бидете подготвени**. Првата причина е зашто Стефан бил силно употребен и затоа што бил подготвен да биде употребен. Гледаме дека постои богата исполнетост во него. Тој е...

**- Полн со Дух (3)**

**- Полн со мудрост (3)**

**- Полн со вера (5)**

**- Полн со Светиот Дух (5)**

**- Полн со Божја благодат (8)**

**- Полн со Божја сила (8)**

Зборот „полн“ значи дека бил комплетен или „во потполност прекриен“. Тој ја познавал празнината која настанува без Христа и затоа се погрижил да биде исполнет пред да биде употребен. Бил решен да биде подготвен.

Постои нешто што постојано го гледаме во нашето проучување на Божјата Реч: кога Бог дејствува настанува спротивставување. Погледнете го 9. стих: „Но станаа некои од Синагогата... и се препираа со Стефана“. Десеттиот стих ни вели дека не можеле да се борат против неговата „*премудрост и Духот со кој зборуваше*“ и затоа пронашле некои луѓе кои изнеле лажни обвиненија против Стефан. Сите се вознемириле и Стефан бил уапсен и изведен пред Синедрионот, еврејскиот врховен суд. Лажните сведоци излегле подготвени да го исфрлат од игра. Веднаш ја гледаме контраста меѓу нивниот гнев и Стефановиот мирен дух во 15 стих: „А сите кои седеа во Синедрионот го насочија погледот во него и видоа дека лицето му е слично на лице на ангел“.

Стефан сега имал можност да одговори на обвинувањата во 7. глава, и во тој процес дава извонреден преглед на Стариот завет.

Во Јуда 3 ние сме повикани да бориме „*Возљубени кога покажав секаква ревност да ви пишувам за нашето заедничко спасение, почувствував потреба да ви пишам, опоменувајќи ве да се борите усрдно за верата, која им е предадена на светите еднаш за секогаш*“. 1. Петрово 3,15 го повикува секого од нас да бидеме подготвени: „*туку осветувајте Го во своите срца Христа како Господа, секогаш подготвени за одговор на секого, кој ја бара причината на надежта, која е во вас, но со кротост и со страв.*“

Стефан почнува со ставот на кротост и почит во 7,2: „*Луѓе, браќа и татковци*“, но исто така покажува и голема енергичност кога вели, „*Слушнете!*“ почнувајќи со Аврам, а потоа споменувајќи го Јосифа, Мојсеја, Исус Навин, Давид и Соломон, вметнувајќи цитати од Амос, Исаија, Стефан утврдува најмалку три работи.

- Бог никогаш не бил ограничен на едно место или со каков било простор. Тој не може да се стави во кутија.

- Божјиот народ никогаш во потполност не Го слушал.

- Водачите секогаш имале навика да ги одбиваат и убиваат оние кои Бог ги праќа.

Она што мене ми паѓа в очи во ова долго поглавје е колку добро Стефан ги познава Списите и колку јасно ја изнесува комуникацијата. Со сите политички говори кои често ги слушаме, Стефановиот говор се истакнува како извонреден и храбар. Иако денес говорите се анализираат според поезијата и правилата, Стефан е полн со силно проповедање. Ако сакате да бидете подготвени, најпрво погрижете се Христос да биде Господар на вашиот живот и Тој да ве исполнува; потоа погрижете се неговата Реч да го освежува вашиот живот.

**2. Одлучете да бидете храбри**. Стефан во Дела 7,51-53 вели: „*Тврдоглави и со необрезани срца и уши!*“ Овој силен колоквијален израз било крајно пророчко обвинување. Да се биде тврдоглав значи дека никогаш не се покориле на јаремот на господарот и тој израз 20 пати се користи во Стариот завет за опишување на некој кој не сака да се поклони пред Бога. 2. Мојсеева 32,9 е само еден

пример: „Гледам добро - му рече натаму Господ на Мојсеја - дека овој народ е со корав врат“.

Со зборовите дека се необрезани во срцето и ушите, може исто да се каже дека се и незнабожечки кучиња однатре. Секако, тие ги следат правилата и прописите на надворешните церемонии, но нивните срца се тврди. „Вие секогаш Му се противевте на Светиот Дух! Како вашите татковци така и вие!“ Забележете дека тој вели дека „секогаш“ се противат на Светиот Дух; не повремено туку сето време. Тоа е обвинување за верските водачи.

„Кого од пророците не го гонеа вашите татковци? И ги убија оние, кои однапред го навестуваа доаѓањето на Праведникот, чии предавници и убијци сега станавте вие, вие, кои го примивте законот како заповед од ангели - и не го запазивте“. Стефан не само што ги кара нивните татковци поради нивното неверство; тој исто така ги повикува и нив, користејќи ја множината во второ лице „вие“ – го предадовте и го убивте Христа. Проповедањето не може секогаш да биде позитивно ако проповедникот го проповеда целосниот Божји совет.

Видов една карикатура на која пасторот стои назад во црквата, поздравувајќи се со луѓето по богослужбата. Еден човек проникливо го набљудува пасторот и му вели: „Силна проповед, пасторе. Твоите проповеди се толку промислени и добро истражени. Секогаш може да се видам себеси во нив... сакам да престанеш со тоа“.

Нивниот одговор е моментален и интензивен во 54. стих: „*Кога го чуја тоа, ги засегна во срцата и чкртаа со забите на него*“. Биле толку лути што забите почнале да им чкрипат, а тоа нè потсетува на Исусовите зборови во Матеј 13,42: „*и ќе ги фрлат во огнена печка; таму ќе биде плач и чкртање со заби*“. Ова не е изненаден излив на лутина, туку напнатост која покажува дека се работи за продолжен гнев. Немојте да го занемарите фактот дека во вечна смрт ќе заминат налутени луѓе.

Најпрво да бидеме подготвени да зборуваме за Христа. Второ, да бидеме храбри кога за тоа ќе се укаже можност и да не ја разводнуваме пораката, без оглед на тоа како е примена.

**3. Бидете подготвени добро да умрете**. Некаде прочитав дека задача на пасторот е да ги подготви луѓето за добра смрт. Мислам дека тука има некоја вистина. Стефан нè учи не само да бидеме подготвени и да бидеме храбри, туку и ни помага да научиме како да умреме добро. Тој имал исполнет живот и умрел со добра смрт.

Се соочил со смртта фокусирајќи се на Христа. Погледнете 7,55: „А тој, полн со Светиот Дух, гледајќи втренчено кон небото, ја виде Божјата Слава и Исус како Му стои оддесно на Бог“ Дали ја гледате поврзаноста? Наспроти гнев и лутина, Стефан бил „полн со Светиот Дух“. Погледнал во вистинската насока и ја видел славата на Божјата *шекина*. Кога сте обесхрабрени, погрижете се да го подигнете погледот кон Господа. За Стефан смртта не била мрачна или опасна; била прозорец преку кој го гледал Исуса. Интересно е што го видел Исуса „како стои“ од десната страна на Бога. Тоа е чудно, бидејќи повеќето стихови велат дека Исус седи на небото. Зошто тогаш Тој стои. Еден коментатор тоа го објаснува вака: „Тој седи кога се работи за откупување, но секогаш станува кога Неговите деца се во неволја“. Го сакам стихот од 1. Петрово 4,14: *„Блажени сте ако ви префрлуваат за Христовото име, зашто тогаш Духот на славата и Божјиот Дух почива врз вас. Вистина, - според нив, Тој е похулен, но според вас, Тој е прославен“.*

Еве уште некои од можностите зошто Исус стои.

1. Да го прими Стефан.
2. Да воскликнува со зборовите „Добро, сакан и верен слуго!“.
3. Да сведочи за она што ќе му го направи непријателот.
4. Да го одбрани пред Таткото (Матеј 10,32).

Не можеле да поднесат да слушаат како Стефан зборува за Исуса, Оној кого тие го убиле, и како сега стои од десната страна на Бога. Затоа 57 стих вели: *„Тогаш извикаа со силен глас, ги затнаа своите уши и се нафрлија едногушно на него“*. Не сакале да слушнат ништо повеќе, па ги ставиле рацете преку ушите и почнале да викаат најгласно што можеле. Потоа овие достоинствени луѓе потрчале кон него, го извлекле од градот (овде го почитувале Стариот завет) и го каменувале.

Еврејскиот спис од вториот век, Мишна, го опишува обичајот на каменување: „Кога судењето ќе заврши, осудениот човек се изнесува надвор за да биде каменуван... Кога ќе се приближат на околу десет лакти, му велат: ‚Признај, бидејќи е обичај сите кои ќе бидат погубени да признаат, а секој кој ќе признае ќе има поголемо учество во векот кој ќе дојде'. На четири лакти од местото на каменувањето, на криминалецот му се соблекува облеката... Падот на местото на каменувањето бил двапати поголем од висината на човекот. Еден од сведоците го турка криминалецот од задната страна и така тој паѓа со лицето напред. Потоа тој се врти на грб. Ако умрел од последиците на падот, тоа било доволно. Ако не, друг сведок зема камен и го спушта на неговото срце. Ако тоа предизвика смрт, тоа е доволно; ако не, го каменуваат сите собрани Израелци".

Среде сите овие активности кои ги придвижила нивната лутина, ми се допаѓа како Стефан го изразува она што го гледа. Небото му е отворено, бидејќи Исус е вратата. Во 59. стих тој се моли директно на Исус: „Господи Исусе, прими го мојот дух!" Ако никогаш не сте го примиле Исуса како свој Спасител, треба да знаете дека вратата на небото ви е отворена – но нема да ви остане отворена засекогаш!

- *Се соочил со смртта со Писмото и зборовите.* Целата проповед на Стефан била полна со Светото писмо и сега, неколку секунди пред смртта, цитира кратка еврејска молитва од Псалм 31,5, малку изменувајќи ги зборовите за да го одразуваат Христовото господство: *„Во Твојата рака го предавам мојот дух; Ти ме откупи, Господи, Боже на вистината"*. Време е да го учиме Писмото напамет сега, за да го имаме знаењето кое подоцна ќе ни биде потребно.

- *Се соочил со смртта со проштавање во срцето.* Додека камењата паѓале врз него, тој можел да стане мошне огорчен. Наместо тоа, во 60 стих тој се моли: *„Господи, не земај им го ова за грев!"*

Стефан бил токму како Неговиот Спасител кога се молел во Лука 23,34: *„А Исус рече: 'Татко, прости им, оти не знаат што прават!' Кога го делеа Неговото облекло, фрлија жрепка"*. Во моментот на смртта, Стефан го покажува оној вид на проштавање кој може да дојде само од Оној кој најмногу проштава. Во Римјаните 5,5 се кажува: *„Преку Кого добивме благодат и апостолство,*

*за да ги приведеме сите народи, кон послушноста на верата, заради Името Негово*". Само преку Неговата љубов која се излева на нас, ние можеме да се надеваме дека ќе им простиме на оние што ни згрешиле. Дали сега имате некоја горчина во вашето срце? Немојте да ја понесете со себе во гроб. Време е да простите, и тоа веднаш, уште денес. Немојте да одложувате. Ослободете се од тоа. Наместо да бидете исполнети со лутина, ослободете ја таа личност без одмазда.

- *Се соочил со смртта како да оди на спиење.* Погледнете го крајот на 60 стих: „И кога го рече тоа – заспа". Отишол да спие додека налутените луѓе фрлале камења, а кога еден ден ќе се разбуди, ќе се најде во Исусовата прегратка. Смртта не е нешто од што Христовите следбеници треба да се плашат, бидејќи Тој ја победи смртта, како што е наведено во 1. Коринќаните 15,55-57: *„'Смрт, каде ти е победата? Смрт, каде ти е осилото?' Осилото на смртта е гревот; а силата на гревот е законот. Но, фала Му на Бога, Кој ни даде победа преку нашиот Господ Исус Христос*".

**Спроведување во практика**

**1. Луѓето набљудуваат како живееме и како умираме**. Начинот на кој Стефан умрел, влијаел на апостолот Павле. Погледнете го последниот дел од 58. стих: *„А сведоците ги оставија своите облеки до нозете на едно момче, кое се викаше Савле*". Интересно е дека оние кои фрлале камења, ги слекле своите фустани. Мислам дека тоа само за да можат послободно и побрзо да фрлаат камења. Погледнете сега 8,1: „А Савле се согласуваше со неговото погубување". Сигурен сум дека на Савле му било многу тешко да го заборави Стефана. Подоцна во Дела 9 читаме за обраќањето на Павле, што е и одговор за Стефановата молитва: *„Господи, не земај им го ова за грев!*" Потоа во Дела 22,20, кога Павле разговара со Христа, тој вели, *„и кога се пролеваше крвта на Твојот сведок Стефан, и јас стоев таму; одобрував и ги чував облеките на оние, кои го убиваа*". Немојте да го изгубите од предвид фактот дека луѓето секогаш нè набљудуваат и дека Спасителот може да го омекне дури и најтврдото срце.

**2. Бог нè придвижува за да ја објавиме Неговата порака.** Во Дела 1,8 на верниците им е речено да го однесат Евангелието во Еру-

салим, Јудеја, Самарија и сè до крајот на светот. За жал, тие главно се задржувале во Ерусалим, сè додека прогонството не ги избркало во други подрачја. Проверете Дела 8,1: „*Во оној ден стана и големо гонење против црквата во Ерусалим; и сите, освен апостолите се расрснаа по краиштата на Јудеја и Самарија*". Дали сте слушнале? Евангелизмот сега се одвива во места во Јудеја и Самарија и црквата го започнува мисионерското движење ширум светот.

Понекогаш може да ни стане неудобно пред да посакаме да го направиме она што е потребно за да се доврши Големиот налог. Бог нè придвижува за да ја објавиме пораката. Немојте да мислите дека тешкотиите се едноставно тешкотии. Тоа можеби е Божјиот начин да ве придвижи да ја проповедате Божјата реч на другите. Со оглед на тоа, сите не сме сите повикани да бидеме маченици, но сите сме повикани да бидеме жртви. Бог може да ги користи неволјите, па дури и прогонството, за да го промени нашиот распоред и планови за да ја оствари својата цел.

**3. Молете се за прогонетите верници.** Стефан бил првиот христијански маченик, но нема да биде и последен. Постојано добиваме извештаи дека во некои земји христијаните ги убиваат, нивните домови се спалуваат до темел. Стефан заспал, но време е ние да се разбудиме и да се молиме за оние кои се прогонети. Евреите 13,3 вели: „*Помнете ги затворениците, како да сте оковани со нив; и оние кои страдаат, зашто и самите сте во тело!.*"

**4. Немојте да го пропуштите Божјото спасение.** Време е да бидеме подготвени да умрете сега, а не подоцна. Дали и денес имате тврд врат? Постојат два начини да се позанимавате со личноста која е тврдоглава. Бог може да ве прекрши или можете да се поклоните понизно пред него. Понудата која Исус ја изнел во Матеј 11,28-30 сè уште важи: „*Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души; зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно.*"

Немојте да бидете тврдоглави туку понизно клекнете пред моќната Божја рака и примете го спасението... додека вратата ви е сè уште отворена.

*Сабота, 2 март 2024*

**<u>Пергам: Опасност од рамнодушност и прилагодување</u>**

*Откровение 2,12-17 На ангелот на црквата во Пергам напиши му: 'Ова го вели Оној, Кој има меч остар од двете страни: ги знам делата твои, и каде живееш, каде е престолот на сатаната; и го држиш Моето име, и не се одрече од верата во Мене, ни во деновите на Мојот верен сведок Антипа, кого го убија кај вас, каде живее сатаната. Но имам нешто малку против тебе: зашто имаш таму некои, кои го држат учењето на Валаама, кој го учеше Валака да ги наведе на соблазан Израелевите синови, за да јадат идоложртвуваното и да блудствуваат. Така и ти имаш некои, кои го држат на ист начин учењето на николаитите, кое го мразам. Затоа, покај се! Ако пак не, ќе дојдам скоро при тебе и ќе завојувам против нив, со мечот на Мојата уста." Кој има уво, нека чуе, што им зборува Духот на црквите: „На оној, кој победува, ќе му дадам од скриената мана, ќе му дадам и бел камен и на каменот напишано ново име, што никој не го знае, освен оној, кој го добива".*

Не можеме да го видиме сатаната, но неговото присуство донесува непогрешливи знаци за човечкото страдање и моралната расипаност. Доказите за неговото присуство се јасно видливи: присутност на култови, тероризам, радикални Исламисти, прогонство на христијаните во Ирак и Кина, итн. Всушност, можеме да го следиме наназад во историјата додека ги гледаме нацистичките концентрациони логори или убивањето на илјадници христијани од страна на Римското царство во првиот век. Едно од сатанските омилени места во Римското царство бил Пергам. Со своите храмови посветени на Деа Рома, божицата на Рим, духот на Рим, бил домот на сатаната. Местото на кое царувала римската сила, ја поддржувал и самиот Кнез на силите на темнината. Сепак, дури и тука, во дворот на сатаната, христијаните се осмелиле да водат свој живот. Нивната вера била силна тврдина во срцето на непријателската територија. Секој ден сатаната ги водел своите сили против нив, користејќи се со силен фронтален напад во прогонството. Иа-

ко успевал да убие и да фрли во затвор некои христијани, не можел да ја победи црквата. Барем не преку фронтални напади. Во многу итра промена на тактиката, тргнал нежно да тропа на мала врата со подарок, тројански коњ кој се нарекува ***рамнодушнос̄т и ӣрилаг̄одување.*** Тоа исто тропање може да се слушне во животот на секој верник во секоја црква, во секој град и во секој век. Го слушате преку „малата бела лага" на оправдувањето на материјализмот, рамнодушноста кон сиромашните, изговор за неактивност во службата. Слушате ли чукање? Пред да ја отворите вратата, ајде да ги погледнеме низ прозорецот на Христовите писма упатени до црквата во Пергам и да видиме дали меѓу нив се крие подмолен подарок – коњ со рамнодушност и прилагодување.

**I. Основни информации за градот и писмото на црквата**

***А. Внат̄решнос̄т̄а на г̄радот̄ Перг̄ам лежела на околу с̄т̄от̄ина километ̄ри од Смирна, долж долинат̄а на рекат̄а Каикос.***

1. Пергам имал службена чест да биде провинциска престолнина на Римска Азија, иако таа чест ја имале и Ефес и Смирна.
2. Пергам бил познат како „Царски град".
3. Меѓу познатите карактеристики биле неговата убавина и богатство, библиотека со скоро двесте илјади книги (втора по големина по Александриската библиотека).
4. Познат е и по прочуените скулптури; храмови посветени а Дионис, Асклепиј и Деметра и три храма посветени на култот на императорот; по својот голем олтар посветен на Сотер Зевс (Спасителот Зевс) и по своите многубројни палати.

***Б. Двет̄е г̄лавни религ̄ии најверојат̄но биле обожавање на Дионис, бог̄от̄ на царевит̄е, кој симболично е ӣрикажан со бик и Асклеӣиј, с̄ӣасит̄елот̄ бог̄ на исцелувањет̄о, кој е ӣрет̄с̄т̄авен со змија.***

1. Луѓето од цел свет доаѓале да бараат исцелување од Асклепиј.
2. Сатанскиот дух на прогонство бил премногу висок против христијаните во Пергам.

3. Црквата останала силна без оглед на тоа што била поделена со лажни учења.
4. Со сите свои неволји и место пред сатанскиот престол, Пергам не се откажал од својата вера во Господа.

***В. Писмото на црквата во Пергам е слично на сите Христови писма, и има сопствен единствен вовед.***

1. Пергам бил град на кој Рим му дал ретка сила да извшрува смртна казна (ius gladii), која симболички била изразена со меч.
2. Говорникот се идентификува како оној „што има меч остар од двете страни“.
3. Христијаните во Пергам биле така потсетувани што, иако живеат под вистински крш на речиси неограничениот империум, тие биле граѓани на друго царство – на она во кое не е потребен никаков друг меч, освен устата.
4. Во постапувањето со пергамската црква, поделена на лажливи учења, воскреснатиот Господ ќе го употреби овој меч против Валамитите и Николинците.

**II. Заедничко во сите седум писма е што Христос го започнува писмото пофалувајќи ја силата и борбата на поединечната црква пред да премине во забелешка.**

***А. Работи коишто Господ ги сметал за пофални во црквата во Пергам.***

1. Христијаните секој ден се соочувале со смртната опасност дали да му останат верни на Христа како на Бог или да се поклонат пред римскиот притисок да го прослават Цезар како бог.
2. Верните христијани смртта ги демнеела како секојдневна вистина.
3. Иако сатаната престојувал во Пергам, тоа го правела и Христовата невеста.
4. Исус ги пофалил своите верници, кои се вкорениле тука, што

не сакаат да побегнат на позелена паша, без оглед на сите притисоци и опасности.

5. Го разбрале и основниот принцип на кој многумина денес заборавиле: христијанскиот живот не е бегство – туку победа.
6. Традицијата вели дека Антипа умрел затоа што го печеле до смрт.
7. Како и да умрел, умрел затоа што не сакал да се откаже од Исуса, а тоа го направил и остатокот од црквата.
8. Денес многу христијани бегаат од такви места и притисоци, секогаш барајќи полесен товар, наместо сила за да можат верно да ги поднесуваат неволјите.

***Б. Сведоштвото на црквата стоело како непобедлива тврдина. За жал, сепак, некој ја оставил отворена задната врата за рамнодушноста и прилагодувањето.***

1. Имало и такви цркви кои се држеле до учењето и обичаите на Валамитите и Николинците, кои Христос не ги сакал.
2. Она што сатаната не можел да постигне во Смирна или Пергам со застрашувачките страдања и смрт со надворешните напади на црквата, го остварил тоа однатре.
3. За Николинците се верувало дека се либерални, учејќи дека оние кои се под благодатта слободно можат да се занимаваат со идолопоклонство и сексуални гревови.
4. Доктрината на Валамитите го оправдувала јадењето на она што им се жртвувало на идолите и сексуалниот неморал.
5. Компромис, прилагодување и вклопување – притисок кој тогаш бил вистински како и денес.
6. Исус ѝ наредува на својата невеста веднаш да престане да флертува со мажи.

## III. Надеж и обновување преку исправување на проблемите

***А. Христовите зборови ги изненадиле верниците, како шлаканица по образот.***

1. На грчки, зборот „Покај се" одѕвонува како остра заповед.
2. Разбудете се! Обратете се! Направете го сега... Веднаш!
3. Оние кои се заведени со неморал и компромис треба веднаш да се покаат.
4. Верниците кои не се впуштале во овие обичаи, ги толерирале кај некои верници на црквата, па затоа и тие се криви и треба да се покаат. Ако тие во Пергам не ги послушаат зборовите на Христовото предупредување, таа реч од Неговата уста ќе стане „меч" во борбата против неверството.
5. Ако не дојде до покајување, Тој ќе дојде да суди и да ги казни нивните гревови.

***Б. Исус набргу ја прифаќа својата црква давајќи ѝ ветувања за својата љубов.***

1. Ветувањата на победникот содржат три различни симболи: „скриена мана", „бел камен" и „ново име".
2. Бидејќи Мојсеевиот сад со мана бил смислен да ги потсетува Израелците на Божјата благодат и верност во пустината, овде можеби се наоѓа слична мисла.
3. „Како дожд излеа врз нив да јадат мана, и ги нахрани со небесниот леб" (Псалм 78,24).
4. На оние во Пергам кои ги одбивале банкетите за паганските богови, Христос ќе им ја даде маната на вечниот живот на Неговата голема гозба во царството.
5. Белиот камен е загатка. Се чини каменот најдобро се поврзува со маната и се набљудува како алузија на поканата која на носителот му овозможува да присуствува на еден од паганските банкети.
6. „Ново име... кое никој не го знае, освен оној кој ќе го прими" е или име на самиот Христос, сега скриено од светот, но ќе се открие во иднината како најсилно од сите имиња, или новото име на верникот или променетиот карактер преку откупувањето.
7. Христијаните кои се во искушение да ја доведат во компромис својата верност кон Христа, за да стекнат корист од па-

ганските богови, Христос великодушно им се нуди себеси и силата на своето име, за оние кои веруваат во Него да можат да победат.

## IV. Некои мисли за примената во врска со рамнодушноста и прилагодувањето

***А. Рамнодушноста и прилагодувањето никогаш не се случува преку ноќ.***

1. Онака како што водата предизвикува ерозија, компромисот предизвикува ерозија капка по капка.
2. Ерозијата најпрво произведува бавно капење, потоа прифатлив поток и на крај неконтролиран потоп.

***Б. Рамнодушноста и прилагодувањето секогаш успеваат да го спуштат стандардот.***

1. Потопот никогаш нема за резултат поголема морална чистота, туку подлабока морална расипаност.
2. Оние, со кои правиме компромис, никогаш нема да се издигнаt до нашите стандарди; тие нам неизбежно ќе ни ги спуштат стандардите кои ним им одговараат.

***В. Рамнодушноста и прилагодувањето се ретко нападни***

1. Имаме тенденција да му судиме на гревот врз основа на надворешниот изглед.
2. Вистинската грозотија на гревот секогаш е скриена под површината, надвор од вид.

***Г. Рамнодушноста и прилагодувањето честопати се првите чекори кон потполна непослушност***

1. Компромисот никогаш не е доволен.
2. Компромисот никогаш не е доволен, кога еднаш ќе добие влез.
3. Компромисот едноставно продолжува да доаѓа, поместувајќи ги границите и постепено исцрпувајќи ја нашата отпорност.

4. Конечно, нашиот живот кој некогаш претставувал обработена нива повторно обраснал во треви.

***Ѓ. Успешно да се сведочи, значи да се биде дел од народот без поклонување пред притисоците да ја доведеме нашата вера во компромис.***

1. Како христијани, не смееме да се плашиме да бидеме со оние кои се надвор од црквата; ако тоа не го правиме, тие никогаш нема да се обратат кон Христа.
2. Често не сакаме да се вклучиме бидејќи стравуваме дека ќе бидеме натерани на компромис.
3. Никогаш не смееме да го толерираме гревот така што ќе попуштиме пред притисокот да бидеме со отворен ум.
4. Преку Божјата сила, можно е да се сака и да се прифати личноста без прифаќање на гревот.
5. „Но во сѐ ова победуваме надмоќно преку Оној, Кој нѐ возљуби" (Римјаните 8,37).
6. Треба да направиме сѐ што можеме за да допреме до луѓето заради Христа, но тоа не значи дека треба да ја разводниме и на гревот да му го дадеме нашето одобрување.

**Заклучок**

Пред неколку години, еден локален пастор замолил да отвори ново заседавање на Сенатот во Канзас, упатувајќи зборови на молитва. Сите очекувале да ги слушнат вообичаените работи и политичката коректност. Но, она што го слушнале била вознемирувачка молитва, огнен повик на покајание и правда.

Еве што рекол:

„Небесен Татко, дојдовме денес пред Тебе да бараме проштавање и Твое водство. Знаеме дека Твојата Реч вели, „Тешко на оние кои злото го нарекуваат добро", но ние го направивме токму тоа. Го изгубивме духовниот еквилибриум и ги испревртевме нашите вредности. Признаваме дека:

- Ја исмевавме апсолутната вистина на Твојата Реч и тоа го нарекувавме плурализам.
- Обожававме други богови и тоа го нарекуваме мултикултурализам
- Поттикнуваме изопачености и перверзии, и тоа го нарекувавме алтернативен начин на живот.
- Ги користевме сиромашните и тоа го нарекувавме лотарија.
- Ги занемарувавме оние кои имаа потреби и тоа го нарекувавме самозачувување.
- Ја наградувавме мрзеливоста и тоа го нарекувавме напредок.
- Ги убивавме неродените деца и тоа го нарекувавме избор.
- Ги убивавме лекарите кои се занимаваа со абортус и тоа го нарекувавме оправданост.
- Ја злоупотребувавме моќта и тоа го нарекувавме политика.
- Го сакавме она што го имаа нашите соседи и тоа го нарекувавме амбиција.
- Го загадувавме воздухот со пцости и порнографија и тоа го нарекувавме слободно изразување.
- Се потсмевавме на вечните вредности на нашите татковци и тоа го нарекувавме просветлување.

Испитај нè, Боже, и испитај го нашето срце денес; исчисти нè од секаков грев и ослободи нè. Води ги и благослови ги овие луѓе и жени коишто овде ги поставил народот на Канзас и кој Ти си ги поставил да управуваат со оваа голема држава. Дај им мудрост да владеат, за да можат нивните одлуки да нè упатат во центарот на Твојата волја. Се молам во името на Твојот Син, Спасителот, Исус Христос. Амин“.

Градиво за саботна школа

МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
1/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба